превземено од www.pravo.org.mk

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.39 од 29.02.2016 година**

**Член 1**

Во Закон за вршење земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија" број 11/2002, 89/2008, 116/10 и 53/11), членот 20 се менува и гласи:

„Индивидуалниот земјоделец може да врши земјоделска дејност во смисла на членот 7 став 1 од овој закон, по запишување во Регистарот на индивидуални земјоделци кој го води Министерството.

За упис во Регистарот од ставот 1 на овој член индивидуалниот земјоделец поднесува барање до подрачната единица на Министерството во местото каде се наоѓа земјоделското земјиште на кое се врши дејноста.

Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во Регистарот на индивидуални земјоделци е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член по службена должност да ги прибави документите за исполнетост на условите од членот 18 точки 4, 5 и 6 за кои службена евиденција води надлежен јавен орган.

Овластеното службено лице од надлежниот јавниот орган од кои се побарани документите од ставот 3 на овој член е должно да ги достави бараните документи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член донесува Решение за упис во регистарот на индивидуални земјоделци, односно решение за одбивање на барањето за упис.

Против решението на Министерството за одбивање на барањето за упис од ставот 5 на овој член, подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 2 на овој член, потребната документација за исполнетоста на условите од членовите 11 и 18 од овој закон, како и на формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на индивидуални земјоделци ги пропишува министерот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.".

**Член 2**

По членот 50-а се додава нов член 50-б, кој гласи:

**„Член 50-б**

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Министерството, ако:

- не ги прибави документите во рок од три дена од денот на приемот на барањето спротивно на членот 20 став 3 од овој закон и
- не одлучи по барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето спротивно на членот 20 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите ако не ги достави истите во рок од три дена спротивно на членот 20 став 4 од овој закон.".

**Член 3**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 4**

Започнатите постапки до денот на започнување со примена на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој започнале.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).